**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 март 2025 година

## Соопштение за печатот

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: февруари 2025 година

– Во февруари 2025 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** оствари месечен раст од 0,2%, под влијание на зголемените депозитни пари и долгорочните депозити до две години, додека краткорочните депозити и готовите пари во оптек бележат намалување. Годишниот раст на паричната маса изнесува 9,2% и пред сè произлегува од повисоките депозитни пари и долгорочните депозити до две години, при помал позитивен придонес и на готовите пари во оптек и краткорочните депозити.

– **Вкупните депозити[3]**, во февруари, се зголемени за 0,4% на месечна основа, во целост како резултат на растот на депозитите на секторот „домаќинства", во услови на пад на депозитите на корпоративниот сектор. Споредено на годишна основа, забележан е раст од 11,1%, поради зголемените депозити на двата сектора, со поизразен придонес кон растот на депозитите на секторот „домаќинства".

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 |
| **Парична маса М4** | **591,336** | **607,881** | **616,771** | **663,295** | **654,804** | **656,964** | **9.5** | **7.6** | **8.6** | **11.4** | **10.4** | **10.4** | **-0.7** | **0.5** | **-0.7** | **5.1** | **-1.3** | **0.3** |
| **Парична маса М3** | **521,804** | **535,985** | **540,047** | **583,268** | **573,827** | **575,098** | **6.6** | **5.4** | **6.7** | **10.2** | **9.1** | **9.2** | **-0.9** | **0.4** | **-1.2** | **5.6** | **-1.6** | **0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Готови пари во оптек* | 49,336 | 51,377 | 52,062 | 56,226 | 55,214 | 54,912 | 8.6 | 7.6 | 9.9 | 12.4 | 14.9 | 13.0 | 1.5 | 2.2 | -1.9 | 7.2 | -1.8 | -0.5 |
| *Депозитни пари* | 202,074 | 211,126 | 212,711 | 236,065 | 228,940 | 230,669 | 11.4 | 8.8 | 11.3 | 11.7 | 10.7 | 12.0 | -1.9 | 0.3 | -0.9 | 8.3 | -3.0 | 0.8 |
| *Краткорочни депозити* | 215,551 | 215,501 | 212,930 | 223,172 | 221,667 | 220,443 | 1.0 | 0.1 | -2.0 | 3.4 | 1.7 | 1.2 | -1.1 | 0.2 | -2.3 | 4.0 | -0.7 | -0.6 |
| *Долгорочни депозити до 2 год* | 54,842 | 57,981 | 62,345 | 67,805 | 68,006 | 69,074 | 10.8 | 12.7 | 23.9 | 30.4 | 27.9 | 27.7 | 1.4 | 0.0 | 3.0 | 0.8 | 0.3 | 1.6 |
| **Вкупни депозити** | **531,140** | **544,683** | **555,602** | **600,389** | **592,750** | **595,277** | **9.3** | **7.2** | **8.8** | **12.4** | **11.0** | **11.1** | **-0.9** | **0.4** | **-0.4** | **5.3** | **-1.3** | **0.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 150,674 | 153,830 | 158,056 | 176,284 | 167,507 | 165,805 | 12.2 | 4.7 | 4.7 | 9.2 | 5.7 | 7.4 | -2.4 | 1.0 | -0.5 | 8.7 | -5.0 | -1.0 |
| *Во денари* | 100,009 | 103,684 | 107,476 | 119,191 | 114,012 | 114,646 | 12.5 | 5.6 | 7.9 | 9.1 | 6.2 | 10.5 | -3.6 | 1.7 | 0.6 | 6.4 | -4.3 | 0.6 |
| *Во странска валута* | 50,664 | 50,146 | 50,580 | 57,093 | 53,495 | 51,159 | 11.4 | 2.8 | -1.5 | 9.4 | 4.6 | 1.1 | 0.1 | -0.4 | -2.8 | 13.8 | -6.3 | -4.4 |
| Домаќинства | 354,741 | 364,432 | 372,219 | 396,901 | 397,793 | 400,785 | 8.7 | 8.9 | 11.2 | 13.8 | 14.2 | 13.1 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 3.9 | 0.2 | 0.8 |
| *Во денари* | 177,631 | 184,627 | 190,026 | 212,507 | 212,574 | 215,117 | 13.7 | 13.1 | 18.0 | 22.5 | 24.2 | 21.8 | 0.6 | -0.6 | -0.3 | 7.4 | 0.0 | 1.2 |
| *Во странска валута* | 177,109 | 179,805 | 182,194 | 184,394 | 185,220 | 185,669 | 4.0 | 4.8 | 4.9 | 5.2 | 4.5 | 4.5 | -0.3 | 0.5 | 0.6 | 0.2 | 0.4 | 0.2 |

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и натаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4, коишто им припаѓаат на корпоративниот сектор, домаќинствата, останатите финансиски институции, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

Народна банка на Република Северна Македонија
Дирекција за статистика

– Во февруари, **вкупните кредити** бележат раст за 1,1% и 11,5% на месечна и на годишна основа, соодветно. Промената кај двете основи е резултат на зголеменото кредитирање на двата сектора, при поизразен придонес кон растот на кредитите на корпоративниот сектор.

Табела 2. Вкупни кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 2.2025 |
| **Вкупни кредити** | **449,251** | **462,435** | **469,266** | **494,449** | **494,098** | **499,497** | **6.1** | **6.4** | **7.5** | **11.2** | **11.3** | **11.5** | **0.3** | **0.8** | **0.4** | **2.7** | **-0.1** | **1.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 214,268 | 221,765 | 223,900 | 242,338 | 241,446 | 244,967 | 5.4 | 5.8 | 7.5 | 13.9 | 14.2 | 14.3 | 0.0 | 0.6 | -0.1 | 4.4 | -0.4 | 1.5 |
| *Во денари* | 134,280 | 144,110 | 149,795 | 166,560 | 165,184 | 168,788 | 11.9 | 16.2 | 19.7 | 27.1 | 27.2 | 27.0 | 1.0 | 2.6 | 0.9 | 5.2 | -0.8 | 2.2 |
| *Во странска валута* | 79,988 | 77,656 | 74,104 | 75,777 | 76,262 | 76,179 | -3.9 | -9.3 | -10.9 | -7.2 | -6.4 | -6.3 | -1.7 | -2.8 | -2.1 | 2.7 | 0.6 | -0.1 |
| Домаќинства | 232,313 | 238,057 | 242,919 | 249,532 | 250,139 | 251,899 | 6.8 | 7.1 | 7.7 | 8.8 | 8.8 | 8.9 | 0.5 | 1.0 | 0.8 | 1.1 | 0.2 | 0.7 |
| *Во денари* | 126,809 | 130,453 | 133,210 | 136,079 | 136,638 | 137,629 | 5.8 | 7.2 | 7.6 | 8.7 | 8.8 | 8.9 | 0.3 | 1.2 | 0.8 | 0.6 | 0.4 | 0.7 |
| *Во странска валута* | 105,504 | 107,603 | 109,709 | 113,454 | 113,501 | 114,269 | 8.1 | 7.0 | 7.8 | 8.9 | 8.7 | 9.0 | 0.6 | 0.7 | 0.8 | 1.7 | 0.0 | 0.7 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Вкупните **депозити на корпоративниот сектор**, во февруари, оствариja месечно намалување од 1,0% како резултат на падот на краткорочните депозити во странска валута, додека останатите компоненти забележаа раст. Годишниот раст изнесува 7,4% и произлегува од повисоките депозитни пари, краткорочните депозити во денари и долгорочните депозити во денари и во странска валута, при забележан пад на краткорочните депозити во странска валута.

– Во февруари, **кредитите на корпоративниот сектор**[5] забележаа месечен и годишен раст од 1,5% и 14,3%, соодветно. Притоа, месечната и годишната промена во целост се должат на зголеменото кредитирање во денари, при остварен пад на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[6]




Извор: НБРСМ.

[5] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

– **Вкупните депозити на домаќинствата**, во февруари, се зголемени за 0,8% во однос на претходниот месец, во поголем дел под влијание на зголемените депозитни пари и долгорочни депозити во денари и во странска валута, а во помала мера и на краткорочните депозити во денари и во странска валута. Депозитите на домаќинствата бележат годишно зголемување од 13,1% како резултат на повисоките депозитни пари и долгорочните депозити во денари и во странска валута, во услови на намалување на краткорочните депозити во странска валута и во денари.

– Овој месец, **кредитите на домаќинствата** забележаа месечно и годишно зголемување од 0,7% и 8,9%, соодветно. Промената кај двете основи се должи на растот на кредитите во денари и во странска валута, со поголем придонес на кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 3. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 | II.25 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 | II.25 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 | II.25 |
| Потрошувачки кредити | 119,858 | 122,857 | 125,233 | 128,863 | 128,466 | 129,594 | 5.8 | 5.8 | 6.7 | 7.5 | 8.4 | 8.5 | 0.4 | 0.8 | 0.6 | 1.3 | -0.3 | 0.9 |
| Станбени кредити | 85,555 | 87,920 | 90,191 | 94,398 | 94,853 | 95,946 | 10.4 | 10.2 | 11.0 | 12.5 | 12.7 | 13.3 | 1.0 | 0.9 | 1.0 | 2.3 | 0.5 | 1.2 |
| Автомобилски кредити | 399 | 419 | 430 | 418 | 420 | 417 | 13.1 | 14.6 | 13.5 | 4.7 | 5.1 | 6.5 | 1.8 | 2.1 | -0.6 | -2.9 | 0.7 | -0.8 |
| Кредитни картички | 9,459 | 9,332 | 9,184 | 8,934 | 8,833 | 8,677 | -6.8 | -8.0 | -9.0 | -9.2 | -9.0 | -9.0 | -0.8 | -0.3 | -0.8 | -1.9 | -1.1 | -1.8 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,820 | 6,846 | 6,857 | 5,738 | 6,390 | 6,335 | 6.1 | 7.9 | -1.9 | -4.4 | -4.6 | -5.0 | 2.3 | 5.7 | 4.6 | -13.5 | 11.4 | -0.9 |
| Други кредити | 1,658 | 1,579 | 1,563 | 1,568 | 1,549 | 1,527 | -21.2 | -18.8 | -17.5 | -12.0 | -10.2 | -9.5 | -1.7 | -2.0 | 0.7 | 0.2 | -1.2 | -1.5 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во февруари, кај **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, е забележан месечен раст од 0,9% и 1,2%, соодветно, при годишен раст од 8,5% и 13,3%, соодветно. Во февруари, **автомобилските кредити** се намалени за 0,8% на месечна основа, додека на годишна основа бележат зголемување од 6,5%. Овој месец, кредитите одобрени на **кредитните картички** оствarija месечно и годишно намалување од 1,8% и 9,0%, соодветно. Во февруари, кај **негативните салда на тековните сметки** и кредитите одобрени врз **други основи** е забележан месечен пад од 0,9% и 1,5%, соодветно, како и годишно намалување од 5,0% и 9,5%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 17 април 2025 година (референтен пресек заклучно со март 2025 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.